## 2. Предлагање на нови одлуки

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието.

Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице.

Заедно со предлогот, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:
- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена;
- Документ за лична идентификација

2. За акционер правно лице се приложува:
- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена;
- Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од 10 (десет) дена

Предлогот, заедно со документите за идентификација, мора да биде примен во МАКПЕТРОЛ А.Д. Скопје најдоцна во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на јавниот повик за одржување на Годишно Собрание на Друштвото.

Адреса на која се доставува барањето :

,,МАКПЕТРОЛ“ А.Д. - Скопје
ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр.4
1000 Скопје
до Управниот одбор на Друштвото
со назнака „за Годишно Собрание“